НОВО СРЦЕ

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 142. Дата: 10. 09. 2012.

# Последниот добива сé

Ако сте редовен читател на „НОВО СРЦЕ“, тогаш сигурно знаете дека сакаме повремено да го предизвикаме вашиот ум, со тоа што објавуваме различни загатки. Па ете, и денешнава приказна е всушност загатка и за оние кои ќе ни го испратат точниот одговор, следува награда. Но, нека наградата не ви биде единствениот мотив, туку желбата да го пронајдете точниот одговор. Прочитајте ја приказната што следува и пишете ни.



Еден стар фармер ги повикал своите два сина, на неговата постела и им рекол:

"Јас наскоро ќе умрам и одлучив фармата да ја наследи само еден од вас. Но, сакам наследникот да се одбере по следниов начин; Откако ќе ме погребате, следниот ден секој од вас, нека си го земе својот коњ и нека се оддалечи еден километар од фармата. Потоа треба да се упатите кон портата на фармата. **Синот, чиј што коњ ќе влезе последен низ портата, ќе ја наследи целата фарма**.“ Браќата не можеле да веруваат дека таткото рекол: „**последниот коњ**“, но токму така гласело неговото барање.

Не поминало многу време и нивниот татко починал. И како што таткото им кажал, откако го погребале, следниот ден ги оседлале своите коњи, се качиле на нив, одјавале еден километар од фармата и запреле. Никој од нив не сакал да го помести својот коњ ниту еден метар кон фармата, бидејќи знаеле дека оној, чиј што коњ ќе влезе **последен** низ портата, ќе ја наследи целата фарма. Дошло веќе пладне, но тие никако не се поместувале од местото.



Кога полека почнало и да се стемнува, нивните коњи станале гладни и нетрпеливи, а исто и тие. Се погледнале еден со друг и се согласиле дека вака работата ќе оди до недоглед и дека мораат да побарат помош од некого. Се сетиле дека на крајот на селото живее една стара, но мудра жена и се согласиле да отидат и да побараат совет. Бидејќи никој од нив не сакал да го помести својот коњ, се симнале од коњите, ги врзале за едно дрво и се упатиле пешки.

Старата жена ги поканила да влезат и го ислушала нивниот проблем. Тие го повториле условот на нивниот татко: „**Синот, чиј што коњ ќе влезе последен низ портата, ќе ја наследи целата фарма**.“ Тогаш браќата ја запрашале мудрата старица-„Што да правиме?“

Жената се замислила неколку секунди и потоа им кажала само една реченица. Кога браќата ги слушнале тие зборови, како попарени истрчале од куќата, скокнале на коњите и со голема брзина се упатиле кон фармата. **Прашањето е: што им кажала мудрата старица ?**

<u>Вашите одговори праќајте ни ги на нашата е-мејл адреса и точните одговори, кои ќе стигнат до крајот на неделата, ќе бидат наградени.</u>

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**